

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

декември, 2019 година

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# СОДРЖИНА

Резиме ....2

1. Реален сектор

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....6

Инфлација ....6

Берзански цени .... 8

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ....9

Увоз ....10

Салдо на трговска размена .... 11

Валутна структура .... 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ....12

Приходи по буџетски корисници ....13

Буџетски расходи според економската класификација ....15

Расходи по буџетски корисници ....16

Буџетско салдо.. ....18

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ ....18

Плати ....19

Пензии ....19

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ....20

Депозитен потенцијал ....21

Кредити на банките ....22

Каматни стапки на депозитни банки .... 23

Пазар на капитал .... 23

Девизни резерви .... 23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

декември, 2019 година

- Индустриското производство во декември 2019 година забележа пад од 5,9% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во декември 2019 година се зголемија за 0,4% во однос на декември 2018 година, по падот од 0,1% во ноември 2019 година;
- Во 2019 година извозот забележа раст од 9,6%, а увозот од 10,3%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 12,6%, споредено со 2018 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во 2019 година изнесуваа 203.911 милиони денари, односно 29,2% од БДП, што претставува поголемо остварување за 8,2% во однос на 2018 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во 2019 година изнесуваа 217.542 милиона денари, односно 31,2% од БДП, што е за 8,7% повеќе во однос на 2018 година;
- Вкупните кредити на банките во декември 2019 година се зголемија за 6,0% во споредба со декември 2018 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 9,5%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во декември 2019 година забележа пад од 5,9% во споредба со истиот месец претходната година. Падот во декември 2019 година се јавува како последица на намаленото производство во сите сектори, и тоа: рударскиот сектор за 24,2% (придонес од -2,6 п.п.), преработувачката индустрија од 3,1% (придонес од -2,4 п.п.) и енергетскиот сектор од 12,1% (придонес од -1,5 п.п.).

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството бележат 9 од вкупно 27 индустриски гранки коишто сочинуваат 22,5% од вкупната индустрија, што укажува на тоа дека пад главно бележат гранките со позначително учество во структурата. Од гранките со повисока додадена вредност, раст во декември 2019 година е забележан единствено кај производството на фабрикувани метални производи од 49,6% и придонес од 1,9 п.п., како и на моторни возила од 6,6% и придонес од 0,6 п.п.. Меѓу гранките со позначително учество во структурата, пад на производството е забележан кај снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 12,1% и придонес од -1,5 п.п., кај прехранбената индустрија од 8,2% и придонес од -0,8 п.п. и кај производството на облека од 7,9% и придонес од -0,7 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Падот на производството според намената на произведените единици е последица на падот кај сите гранки, освен кај капиталните производи, каде што е забележан раст од 2,0% и придонес од 0,4 п.п..

Кумулативните податоци за 2019 година покажуваат дека е забележан раст на индустриското производство од 3,7%, што во најголема мера се должи на растот во енергетскиот сектор од 16,6% (придонес од 2,0 п.п.) и преработувачката индустрија од 2,4% (придонес од 1,9 п.п.), а е ублажен со падот во рударскиот сектор од 1,9% (негативен придонес од 0,2 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Податоците од анализата по гранки укажуваат дека раст е забележан кај 16 од вкупно 27 гранки, кои сочинуваат 70,7% во структурата на вкупното индустриско производство. Од гранките со позначително учество во структурата, раст е забележан кај снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 16,6% и придонес од 2,0 п.п., кај производството на моторни возила од 10,9% и придонес од 1,1 п.п., како и кај производството на машини и уреди од 8,6% и придонес од 0,8 п.п..

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Кај наменските групи, растот во 2019 година е главно резултат на зголеменото производство во групите Енергија од 14,4% (придонес од 2,1 п.п.) и Капитални производи од 6,5% (придонес од 1,4 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во декември 2019 година е намален за 2,4% на годишна основа. Падот е предизвикан од намалувањето на бројот на работници во секторите Преработувачка индустрија за 2,6% и Рударство и вадење камен за 1,5%, додека во секторот

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележано зголемување на бројот на работници за 0,4%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи покажуваат дека зголемување на бројот на работници има единствено кај капиталните производи од 2,6%, додека пад е забележан кај нетрајните производи за широка потрошувачка од 4,2%, трајните производи за широка потрошувачка од 3,5% и интермедијарните производи, освен енергија од 3,4%. Бројот на работници во наменската група Енергија е непроменет.

На кумулативна основа, во 2019 година е забележан пад на бројот на работници од 1,6%, кој се должи на падот во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 1,6%, Рударство и вадење камен од 1,5% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,3%.

Согласно податоците по наменски групи, раст во 2019 година е забележан единствено во групата Капитални производи од 6,5%, додека пад бележат групите: Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,6%, Трајни производи за широка потрошувачка од 4,2%, Интермедијарни производи, освен енергија од 1,5% и Енергија од 1,2%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во декември 2019 година е поповолна споредено со ноември 2019 година, како и во однос на декември 2018 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во декември изнесува 70,9%, што претставува раст во однос на претходниот месец, кога изнесувало 70,5%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 2,1 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во декември имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 25,4%, недоволната странска побарувачка со 15,9%, недоволната домашна побарувачка со 13,6%, неизвесното економско окружување со 12,1%, недостигот на суровини со 8,1% и финансиските проблеми со 7,7%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во декември 2019 година во однос на ноември 2019 година е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се исто така поповолни споредено со претходниот месец, а залихите на готови производи на месечна основа се зголемени.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во декември 2019 година издадени се вкупно 286 одобренија за градење и споредено со декември 2018 година бројот на издадени одобренија за градење се намалил за 2,1%. Во однос на претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење се зголеми за 17,7%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во декември 2019 година бележи годишен пад од 59,4%. Вредноста на објектите во декември споредено со ноември 2019 година се зголеми за 40,1%.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(декември 2019)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 130 (или 45,5%) се наменети за објекти од високоградба, 56 (или 19,6%) за објекти од нискоградба и 100 (или 35,0%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 286 издадени одобренија за градба, на 151 објект (или 52,8%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 135 објекти (или 47,2%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во декември 2019 година предвидена е изградба на 423 станови, со вкупна корисна површина од 32.307 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба споредено со претходниот месец е намален за 46,2%, а на годишна основа бележи раст од 27,8%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во декември 2019 година се зголемија за 0,4% во однос на декември 2018 година, по падот од 0,1% во ноември 2019 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – декември 2019 година изнесува 0,8%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Во декември 2019 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 0,9% на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во декември 2019 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,1% следена со порастот на цените во категориите: Здравје од 1,3%, Транспорт од 0,6%, Рекреација и култура од 0,5% и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,2%.

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Годишен пад на цените во декември 2019 година е регистриран во категориите: Облека и обувки од 2,8%, Комуникации од 2,0%, Образование и Домување, вода, електрика, гас и други горива од по 0,3%, Ресторани и хотели од 0,2% и Останати стоки и услуги од 0,1%.

Потрошувачките цени во декември 2019 година се зголемија за 0,3% во однос на претходниот месец. Раст на цените на месечно ниво е регистриран во категориите Транспорт од 3,5%, Рекреација и култура од 0,6% и Останати стоки и услуги од 0,3%. Цените во категориите Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина, Комуникации, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици, Облека и обувки регистрираа намалување од по 0,1%, додека цените во другите категории останаа непроменети.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Цените на мало во декември 2019 година во однос на истиот месец претходната година се намалија за 0,2%, а на месечна основа регистрираа раст од 1,0%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во декември 2019 година во однос на претходниот месец порасна за 5,0% и изнесува 65,9 долари за барел. Споредено со декември 2018 година, цената на нафтата бележи раст од 16,6%. Цената на природниот гас во декември 2019 година на месечна основа е намалена за 11,8%.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ во декември 2019 година се тргуваше со просечна цена од 13.829 долари за еден метрички тон ($/мт) и бележи месечен пад на цената од 8,8%. На годишна основа, цената на никелот се зголеми за 27,6%. Покрај никелот, намалување на цената во декември 2019 година во однос на ноември 2019 година забележаа и дел од другите основни метали. Така, цената на цинкот опадна за 6,3%, на оловото за 6,0% и на алуминиумот за 0,2%. Цените на калајот и на бакарот во декември 2019 година споредено со претходниот месец се зголемија за 4,9% и 3,7%, соодветно. Во декември, железната руда бележи раст на цената од 9,0% на месечно ниво.

Во однос на благородните метали, цените на платината и на златото во декември 2019 година споредено со ноември 2019 година се зголемија за 2,5% и 0,6%, соодветно, а цената на среброто се намали за 0,2%.

Цената на пченицата на светските берзи во декември 2019 година бележи месечен раст од 6,3%, а на пченката за 0,4%.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во 2019 година изнесува 14,9 милијарди евра, што претставува раст од 10,0% во однос на 2018 година.

Во 2019 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 28), како најголем трговски партнер е намалено за 0,7 п.п. споредено со 2018 година и изнесува 70,2%.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во 2019 година изнесува 6.423,7 милиони евра и бележи раст од 9,6% (562,9 милиони евра) во однос на 2018 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 7,8%.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во декември 2019 година изнесува 504,1 милион евра и бележи раст од 4,7% (22,8 милиони евра) во однос на истиот месец од 2018 година, а физичкиот обем на извозот се намали за 7,2%.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Анализирано на месечно ниво, во декември 2019 година извозот бележи пад од 11,2% (63,4 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 0,1%.

Главни групи производи (според СМТК[1]) со најголемо учество во извозот во 2019 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 45,3% од вкупниот извоз на државата.

[1] Стандардна меѓународна трговска класификација

Анализирано според економските групации на земјите, во 2019 година споредено со 2018 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Организација на земјите-извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Организација за економска соработка на земји од Азиско-пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите ЕФТА и Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 7,9% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан раст од 13,6%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 80,8% и 11,4% соодветно.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во 2019 година изнесува 8,5 милијарди евра и бележи раст од 10,3% (791,2 милиона евра) во однос на 2018 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 16,5%.

Вредноста на увозот во декември 2019 година изнесува 792,5 милиони евра, што претставува раст од 20,1% (132,5 милиони евра) во однос на истиот месец од 2018 година, а увезените количини стоки се зголемени за 41,1%.

**Графикон 2.4:** Структура на увозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Анализирано на месечно ниво, во декември 2019 година увозот бележи раст од 5,6% (41,7 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 2,2%.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2018 | I - XII - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 29,1 | 55,8 | 26,7 | 91,6 |
| Мил. ЕУР | 1.233,9 | 1.348,7 | 114,8 | 9,3 |
| Мил.$ | 1.452,4 | 1.509,5 | 57,0 | 3,9 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2018 | I - XII - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 33,9 | 41,8 | 7,9 | 23,4 |
| Мил. ЕУР | 213,3 | 219,1 | 5,8 | 2,7 |
| Мил.$ | 251,8 | 245,2 | -6,6 | -2,6 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2018 | I - XII - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 778,3 | 735,9 | -42,4 | -5,5 |
| Мил. ЕУР | 541,9 | 580,2 | 38,3 | 7,1 |
| Мил.$ | 637,8 | 648,9 | 11,1 | 1,7 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2018 | I - XII - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 827,8 | 841,0 | 13,2 | 1,6 |
| Мил. ЕУР | 454,8 | 431,3 | -23,5 | -5,2 |
| Мил.$ | 537,9 | 482,8 | -55,1 | -10,2 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2018 | I - XII - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 71,7 | 77,5 | 5,8 | 8,0 |
| Мил. ЕУР | 842,3 | 947,4 | 105,2 | 12,5 |
| Мил.$ | 992,9 | 1.060,0 | 67,2 | 6,8 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2018 | I - XII - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 63,0 | 71,5 | 8,4 | 13,4 |
| Мил. ЕУР | 716,1 | 752,0 | 35,9 | 5,0 |
| Мил.$ | 845,0 | 841,4 | -3,6 | -0,4 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во 2019 година, трговскиот дефицит се зголеми за 12,6% односно 228,3 милиони евра споредено со 2018 година.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во декември 2019 година трговскиот дефицит се зголеми за 61,4% односно 109,7 милиони евра споредено со декември 2018 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, горива и мазива и стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше намалувањето на негативното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во 2019 година 83,1% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција и Србија, а потоа следуваат: Кина, Турција, Италија, САД, Јужна Африка, Полска и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 85,8% од трговската размена во 2019 година е реализирана во евра, што во однос на 2018 година претставува намалување за 1,8 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,5% и 80,7%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 0,8 п.п., додека кај увозот е намалена за 2,5 п.п. во однос на 2018 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - XII - 2018 | | | | | I - XII - 2019 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 4.525,0 | 6.378.818.309 | 61,5111 | 392.368.130.893 | 83,1 | 4.810,3 | 6.826.599.578 | 61,5053 | 419.872.055.003 | 80,7 | 447.781.269 | 7,0 |
| УСД | 1.809,0 | 1.438.334.130 | 52,1226 | 74.969.714.498 | 15,9 | 2.572,9 | 1.737.737.849 | 54,9505 | 95.489.563.699 | 18,3 | 299.403.720 | 20,8 |
| ГБП | 5,6 | 27.866.205 | 69,5261 | 1.937.428.553 | 0,4 | 4,5 | 26.807.200 | 70,1158 | 1.879.608.284 | 0,4 | -1.059.005 | -3,8 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 6.339,6 | | | 469.275.273.944 | 99,0 | 7.387,8 | | | 517.241.226.986 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 6.357,5 | | | 471.904.422.386 | 100,0 | 7.407,2 | | | 520.529.015.444 | 100,0 | | 10,3 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во 2019 година изнесуваа 203.911 милиони денари, односно 29,2% од БДП, што претставува поголемо остварување за 8,2% во однос на 2018 година.

Даночните приходи се реализирани во износ од 115.114 милиони денари и во однос на 2018 година се зголемени за 2,1%.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 52.059 милиони денари, што претставува зголемување од 5,7% во однос на минатата година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 45,2%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 78.021 милион денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 25.962 милиона денари (бруто-наплатата е повисока за 5,6%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 5,5% споредено со 2018 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува поголемо остварување за 6,2%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 4,6%.

Акцизите се остварени во износ од 26.087 милиони денари (учество од 22,7% во даночните приходи), што претставува зголемување од 4,0% во споредба со 2018 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 78.146 милиони денари, што претставува 67,9%, односно повеќе од 2/3 од вкупните даночни приходи во 2019 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 18.706 милиони денари и забележуваат раст од 6,5% на годишна основа, при што 64,5% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на личен доход и други лични примања, 6,9% од приходи од капитал, 7,2% од приходи по основ на договор на дело, 7,9% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 5,2% од приходи од имот и имотни права.

Приходите од данокот на добивка во овие дванаесет месеци изнесуваа 11.555 милиони денари и забележаа помало остварување за 21,6% во однос на истиот период претходната година, но затоа пак има пораст на данокот наплатен по основ на камати за 63,7%, додека намалување се забележува кај месечни аконтации од 11,8%, по даночни биланси (од 32,1%) и кај задржаниот данок за странски правни лица (од 64,1%).

Приходите од царина се остварени во износ од 6.033 милиони денари и забележаа зголемување од 7,7%. Приходите од други даноци со остварен износ од 674 милиони денари забележаа зголемено остварување за 29,6% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 62.168 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 10,0% споредено со истиот период од 2018 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 10,4%, кај придонесите за здравствено осигурување за 9,2% и кај придонесите за вработување за 8,1%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 18.772 милиона денари и во однос на анализираниот период од 2018 година забележаа поголемо остварување за 53,1% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 2.371 милион денари, што е зголемување од 7,9% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 3.871 милион денари и се зголемени за 30,3% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата[2] и

[2] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално

во 2019 година изнесуваат 150.524 милиони денари, односно 92,0% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 94,2% од годишниот план на овој буџетски корисник.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата *(јануари - декември 2019 година)*




Извор: МФ.

Во рамки на разделот Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 75,6% од вкупните приходи и приливи, при што нивната наплата во анализираниот период изнесува 95,7% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување за овој период изнесува 19.028 милиони денари, што претставува 12,6% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Министерството за образование и наука оствари приходи во износ од 3.547 милиони денари, односно 2,2% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (72,4%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

Министерството за транспорт и врски како буџетски корисник оствари приходи во износ од 2.403 милиони денари, што претставува 1,5% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници, при што речиси сите приходи се по основ на задолжување во странство, за што се реализирани 78,7% од предвидените.

Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 4,4% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

Во однос на буџетските фондови, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во 2019 година оствари приходи во износ од 75.980 милиони денари, што претставува 103,6% од годишниот план на Фондот. Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија во овој период има остварено приходи во износ од 31.579 милиони денари, односно 100,4% од годишниот план на Фондот. Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија оствари приходи во висина од 2.637 милиони денари, што претставува 80,0% од годишниот план.

кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во 2019 година изнесуваа 217.542 милиона денари, односно 31,2% од БДП, што е за 8,7% повеќе во однос на 2018 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 199.729 милиони денари учествуваа со 91,8% и се зголемени за 6,3% во однос на 2018 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 27.751 милион денари што претставува зголемување за 5,3% во однос на претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,8%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 16.266 милиони денари и споредено со 2018 година забележаа зголемување од 11,8%.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 147.600 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 5,9% споредено со јануари - декември 2018 година и истите учествуваа со повеќе од 2/3, односно 67,9% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 108.216 милиони денари, забележаа зголемување од 7,5% и учествуваа со 49,7% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 65.245 милиони денари, што е зголемување за 6,5% споредено со 2018 година и учествуваат со 30,0% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 17,2%, односно забележаа речиси идентична реализација, а се реализирани во износ од 37.452 милиона денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 16.886 милиони денари забележаа зголемување од 6,2%, во споредба со претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 18.355 милиони денари што е намалување од 2,4% споредено со минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 8.112 милиони денари, што е за 5,5% повеќе во споредба со 2018 година. Расходите за камати од домашно задолжување се намалени за 10,1%, додека каматите од странско задолжување се зголемени за 14,5%. Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 17.813 милиони денари со структурно учество од 8,2% во вкупните

расходи, односно забележаа повисока реализација за 46,6% во споредба со 2018 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 82,5% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари - декември 2019 година)*




Извор: МФ.

Министерството за труд и социјална политика во 2019 година реализираше 43.857 милиони денари или 98,6% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (69,4%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 30.432 милиона денари или 99,9% од средствата наменети за 2019 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 21,5% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 98,4% (9.412 милиони денари) од планираните за 2019 година.

Во 2019 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[3] реализирани се 29.717 милиони денари, што претставува 93,7% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 53,4% отпаѓаат на отплата на главнина, за што се потрошени 15.879 милиони денари, односно 98,4% од средствата планирани за оваа намена во 2019 година. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 27,3% од вкупните расходи, за што се реализирани 8.102 милиона денари или 98,3% од планираното.

Министерството за образование и наука во 2019 година изврши буџетски средства во износ од 23.396 милиони денари, што е 91,6% од вкупниот буџет за 2019 година. Најголем дел од расходите (61,8%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 14.457 милиони денари или 100,0% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 14,8%, за што се

[3] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

потрошени 3.454 милиони денари, односно 96,0% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 13,0% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 3.044 милиони денари, односно 73,6% од вкупно предвидените.

Во 2019 година, од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 10.988 милиони денари, што претставува 98,2% од сопствениот буџет за 2019 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 71,0%, за што се потрошени 7.800 милиони денари или 99,9% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 18,0%, за што се реализирани 1.973 милиони денари или 94,7% од годишниот план.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 8.224 милиони денари, што претставува 98,9% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 90,0% во вкупните расходи, реализирани се 99,2% од планираните средства.

Министерството за одбрана во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 7.428 милиони денари, што е 92,7% од вкупниот буџет за 2019 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 52,3%, за што се реализирани 3.886 милиони денари, што претставува 99,6% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 20,1% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.496 милиони денари, односно 84,6% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија реализираше 6.055 милиони денари, односно 92,8% од планираните за 2019 година. Притоа, капиталните расходи изнесуваа 2.862 милиона денари (реализација од 98,9%) и учествуваа со 47,3% во вкупните расходи.

Министерството за здравство во 2019 година реализираше буџетски средства во износ од 5.979 милиони денари, што е 94,4% од вкупниот буџет за 2019 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 51,1%, за што се потрошени 3.054 милиони денари или 100,0% од средствата наменети за тековната година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 40,2% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 2.402 милиона денари, односно 95,0% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во разгледуваниот период реализираше средства во износ од 4.481 милион денари, што е 87,1% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 85,4% од предвиденото (3.380 милиони денари), а учествуваат со 75,4% во вкупните расходи на овој буџетски корисник. Субвенциите и трансферите во вкупниот буџет на овој

корисник имаат учество од 20,3% и за оваа намена извршени се средства во износ од 912 милиони денари, односно 97,7% од планираното.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

### Буџетско салдо

Во 2019 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 13.631 милион денари, што претставува 2,0% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 16.271 милион денари односно претставува 2,3% од БДП.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

### Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување

Во 2019 година во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 203.084 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени е понизок за 1,1% во однос на 2018 година.

Од вкупниот број нововработени, 43,8% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во декември 2019 година, 15,1% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во декември 2019 година изнесува 189.211, од кои 101.748 се активни баратели на работа, а 87.463 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 2,5%.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Најголем дел од активните невработени лица (63,2%) се градско население, а според половата структура 51,3% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 65,1% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 24,2% се со завршено средно образование, додека 10,7% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 48,2% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 49,1% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 6,5% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во ноември 2019 година оствари годишен раст од 5,1%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,2%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Транспорт и складирање (9,5%), Преработувачка индустрија (8,9%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (8,2%). Реалните плати во ноември забележаа годишен раст од 5,2%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во ноември 2019 година оствари годишен раст од 6,4%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,2%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Транспорт и складирање (11,2%), Преработувачка индустрија (10,1%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (9,6%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 6,5%.

## Пензии

Во декември 2019 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 322.704 пензионери, што претставува зголемување од 2,2% во однос на истиот месец минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е повисок за 2.065 лица. Од вкупниот број пензионери, 66,0% се корисници

на старосна пензија, 23,4% се корисници на семејна пензија и 10,6% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во декември 2019 година изнесува 14.579 денари и е за 1,1% повисока во однос на истиот месец минатата година[4]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во ноември 2019 година (последни расположливи податоци) изнесува 56,4%.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната старосна пензија во декември изнесува 15.849 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 13.167 денари, а просечната семејна пензија 11.638 денари. За исплата на пензиите во декември 2019 година се потрошени 4.559 милиони денари, што претставува 47,2% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во декември 2019 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на 2,25%, откако во март ја намали за 0,25 п.п. како резултат на задржаниот континуитет на поволни движења на девизниот пазар, што упатува на отсуство на притисоци во надворешниот сектор и стабилни согледувања на домашните субјекти, како и отсуство на ценовни притисоци. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити
( декември 2019 година)




Извор: НБРСМ.

## Примарни пари

Во декември 2019 година,

[4] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.


MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

примарните пари[5] регистрираа раст од 10,8%, споредено со декември 2018 година. Ваквиот раст на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 12,7%, како и на растот на готовите пари во оптек за 8,8%.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 26,9%, што се должи пред сè на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 51,0% и на растот на готовите пари во оптек за 7,7%.

## Депозитен потенцијал[6]

Вкупните депозити на банките во декември 2019 година регистрираа раст од 3,4% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија и домаќинствата регистрираа раст од 5,4% и 3,1%, соодветно.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Од аспект на валутата, во декември 2019 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 5,7%, додека депозитите во странска валута се намалија за 0,1%.

Вкупниот депозитен потенцијал во декември 2019 година оствари раст од 9,5% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 12,3% и 5,4%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 13,9% и 7,9%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 3,1%, а долгорочните депозити за 7,4%.

5 Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

6 НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 61,5%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (декември 2019 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | ***410.794*** | **3,4%** | **9,5%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *252.724* | *5,7%* | *12,3%* |
| *Странска валута* | *158.069* | *-0,1%* | *5,4%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *169.126* | *0,4%* | *3,1%* |
| *Долгорочни* | *110.597* | *0,0%* | *7,4%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | ***341.389*** | **1,9%** | **6,0%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *199.480* | *1,6%* | *4,0%* |
| *Странска валута* | *141.909* | *2,2%* | *8,9%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *59.577* | *3,8%* | *-3,9%* |
| *Долгорочни* | *263.715* | *1,7%* | *9,5%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *15.736* | *0,3%* | *-4,5%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во декември 2019 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 1,9% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата се зголемија за 3,0%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,7%. Од аспект на валутата, во декември 2019 година, на месечно ниво денарските и девизните кредити се зголемија за 1,6% и 2,2%, соодветно.

На годишна основа, во декември 2019 година вкупните кредити се зголемија за 6,0%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 10,5% и раст на кредитите кон претпријатијата од 1,9%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 4,0%, а кредитите во странска валута за 8,9%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,5%, а краткорочните кредити се намалија за 3,9%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во декември 2019 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,06 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,94%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,07 п.п. и изнесува 5,37%, додека каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,04 п.п. и изнесува 4,45%.

Вкупната каматна стапка на депозитите во декември 2019 година изнесува 1,26% и е намалена за 0,02 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 1,71%, а каматната стапка на девизните депозити на месечно ниво се намали за 0,1 п.п. и изнесува 0,75%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во декември 2019 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 15,1% на месечно ниво како резултат на зголемувањето на прометот од класичното тргување за 31,7%, додека прометот од блок трансакциите се намали за 10,2%.

Вкупниот промет на берзата во декември 2019 година изнесуваше 765,5 милиони денари и истиот е зголемен за 17,9% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на декември 2019 година изнесуваше 4.648,89 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 4,0%, а во однос на истиот месец претходната година е зголемен за 34,0%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

## Девизни резерви

Бруто-девизните резерви на крајот на декември 2019 година изнесуваа 3.262,59 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемија за 0,7%, а во однос на декември 2018 година регистрираа раст од 13,8%.